МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-1081/2 од 01. 07. 2019 год.

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно член 118 став 3 а во врска со член 130 став 1 и став 2 и член 134 став 2 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), постапувајќи по барањата на правните субјекти ФЕНИ Индустри АД Кавадарци во стечај и ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци заведено под бр. 11-1081/1 доставено на 19.02.2019 година Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

За целосен пренос на Измена на А –Дозвола за усогласување со оперативен план

1. Се пренесува Измена на А –Дозвола за усогласување со оперативен план за ФЕНИ Индустри АД Кавадарци во стечај на операторот ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци

2. Се задолжува операторот ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци, кој го бара преносот на Измена на А –Дозвола за усогласување со оперативен план да ги надомести трошоците за објавата на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

3. Се задолжува операторот да ги преземе сите непоходни активности во насока на исполнување на обврските дефинирани во Измена на А –Дозвола за усогласување со оперативен план .

Образложение

Правниот субјект ФЕНИ Индустри с. Возарци Кавадарци доби Измена на А – Дозвола за усогласување со оперативен план (дозвола бр.11-2364/3 од 21.02.2014 година), која беше наследено од страна на ФЕНИ Индустри АД Кавадарци во стечај . Согласно член 134 став 2 а во врска со членот 130 став 1 и став 2, операторот ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци по извршената генерална еколошка ревизија во насока на поднесување на барање за пренос на Измена на А –Дозвола за усогласување со оперативен план, приложи извештај од извршената генерална еколошка ревизија. По разгледувањето на барањето од страна на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, Управа за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање заведно под бр. 11-1081/1 од 19.02.2019 година, врз основа на член 118 став 1 од Законот за животна средина, се реализира целосен пренос на Измена на А – Дозвола за усогласување со оперативен план од операторот ФЕНИ Индустри АД Кавадарци во стечај на операторот ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изготвил: Назим Алити
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu